**Здружение на инженери за заштита ТУТЕЛА, Скопје**
Association of Safety Engineers TUTELA, Skopje

Здружение на инженери за заштита
ТУТЕЛА
Бр. 0302/3
14. 02 20 20 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 14 -02- 2020

| Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlerë: |
|---|---|---|---|
| | | | |

**До**

**Влада на Република Северна Македонија**

**Копија:**

**Министерство за труд и социјална политика**

-Министер за труд и социјална политика,

-Дополнителен Заменик Министер за труд и социјална политика

-Совет за безбедност и здравје при работа

**Скопје**

**Дата: 14.02.2020 г.**

**Предмет:** Решение на Владата на РСМ за именување на членови на Советот за БЗР (Сл. Весник на РСМ 29/20)

Почитувани,

Согласно член 43 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл.Весник на РМ 92/07), Владата на Република С.Македонија во 2009 година, со Одлука основа Совет за безбедност и здравје при работа (во понатамошниот текст Совет), како експертско советодавно тело и со Решение за именување го одреди неговиот состав, истите се објавени во Сл.Весник на РМ бр.131/09.

Согласно член 44 од истиот Закон, во Советот покрај другите членови, партиципираат и стручните лица за безбедност при работа, преку еден член, кој е претставник на Здруженијата кои работат на полето безбедност и здравје при работа.

Согласно последното Решение на Владата за именување на членови на Советот, кое е објавено во Сл. Весник на РСМ 29/20, како претставник на Здруженијата кои работат на полето безбедност и здравје при работа, повторно е именуван г-динот Милан Петковски, од Македонското здружение за заштита при работа

Доколку не сте имале информација, Ве информираме дека во моментов во Република С.Македонија свои акативности на полето на безбедност и здравје при работа имаат 5 (пет) Здруженија и тоа:

1. Македонско здружение за заштита при работа, Скопје
2. Здружение за заштита при работа на општина Битола, Битола
3. Здружение за безбедност при работа 28-ми Април, Скопје и
4. Здружение на инженери за заштита Тутела, Скопје
5. Здружението на граѓани за работна и животна средина Протект Дел, Делчево,

Од кои, Здружението под реден број 5 (пет) е формирано кон крајот на 2019 година.

Од формирањето на Советот во 2009 година, до денес, ,,претставник" на Здруженијата кои работат на полето безбедност и здравје при работа во Советот, е г-дин Милан Петковски од Македонското здружение за заштита при работа.

На 10.07.2018 година, преку Допис (го додставуваме во прилог на овој Допис), од страна на Здружението за заштита при работа на општина Битола-Битола, Здружението за безбедност при работа „28-ми Април" – Скопје и Здружението на инженери за заштита Тутела – Скопје, а врз основа на меѓусебно потпишаниот меморандум за соработка, се обративме до Владата на РСМ и МТСП и побаравме да се иницира промена на членот на Советот кој ги претставува стручните лица за безбедност при работа.

Меѓутоа од страна на МТСП, со официјален Допис, Мислење (бр.08-7987 од 01.08.2018 г.) кој исто така ви го доставуваме во прилог, ни укажаа дека за претставникот на Здруженијата кои работат на полето безбедност и здравје при работа треба да доставиме усогласен предлог, иако и самиот наш Допис кој го доставивме беше усогласен и потпишан од страна на три од четирите Здруженија кои беа регистрирани во тој период.

-Се поставува прашање, Дали МТСП треба да се стави во функција на тело кое ке дава мислење за доставен предлог за назначување на член на Советот ,,ексклузивно" само за член кој доаѓа од стручните Здруженија кои работат на полето безбедност и здравје при работа? Дали, на предлог доставен, потпишан и заверен од 3 (три) Здруженија, треба да се прати Допис /Мислење (бр.08-7987 од 01.08.2018 г.) само до едно Здружение?

Како да се гледа на одговорот/мислењето од МТСП (бр.08-7987 од 01.08.2018 г.), на доставен предлог со име и презиме на претставник, усогласен, потпишан и заверен од три од четирите во тој период активни Здруженија, истиот да не го прифаќа, а со самото тоа парцијално да решава/советува/дава мислење како ќе се делегираат претставници од граѓански невладини организации. Дали на ист начин се коментираат предлози и од другите организации кои имаат свои претставници во Советот. Дали ако мнозинството даде предлог и стои зад него, се остава на лична волја на одредени субјекти во МТСП, да носат парцијални решенија и да го рушат угледот на Советот и МТСП.

-На чија иницијатива/предлог се носи Решение на Владата на РСМ за именување на членови на Советот за БЗР (Сл. Весник на РСМ 29/20) на кое сеуште како претставник на Здруженијата кои работат на полето безбедност и здравје при работа стои член кој не е предложен од страна на Здруженијата и покрај уредно доставен Допис за негова смена со нов претставник кој е наведен во Дописот кој е пратен до Владата на РСМ на 10.07.2018г.?

Советот функционира од 2009 година, од тој период до денес, на барање и предлог на другите организации кои имаат свои претставници во Советот се сменети претставници скоро од сите организации, со исклучоци на одредени членови.

Дека работите во Советот не функционираат како што треба е и фактот што истиот, скоро 6(шест) години функционира, и ,,го исполнува" членот 44 од Законот за БЗР со присуство на претставници од ОРМ за кои Владата на РСМ нема донесено Решение за нивно назначување. (чиј пропуст е ова?)

Иако функцијата на Советот е советодавна, сепак истиот е генератор на одредени случувања на полето на БЗР. Истиот носи Планови, Стратегии, избира Претседател, заменик Претседател на Советот, носи Деловник за работа на Советот... на Седници на кои кворумот го прават или зависи од претставници од организации, без Решение за нивно именување од страна на Владата на РСМ. Би напоменале дека и актуелните управувачки органи на Советот се назначени или избрани од членови на Советот, без Решение за именување од Владата на РМ. (сето погоре наведено може лесно да се провери преку сите донесени Решенија за именување и измена на претставниците на Советот кои ги носи Владата на РСМ како и од Записниците од Седниците на Советот).

Доколку се провери ќе се утврди дека дел од претставниците иако со години учествувале во работата и гласале за одредени активности на Советот, за прв пат се именувани за членови на Советот со последното Решение на Владата на РСМ за именување на членови на Советот за БЗР (Сл. Весник на РСМ 29/20).

Повторно се отвора прашањето , Кој и во чија полза го руши угледот на Советот и МТСП со пропустите и непромислените активности кои се наведени погоре?!?.

Би Ве замолиле, стручните владини служби да го разгледаат Дописов и неговите прилози и во врска со претставникот на Здруженијата кои работат на полето безбедност и здравје при работа да постапат согласно доставениот предлог од стручните Здруженија. Земајќи во предвид дека истиот Допис е доставен и генериран од мнозинството Здруженија кои работат на полето безбедност и здравје при работа.

Во очекување на Ваша правилна рекација, во интерес на областа БЗР, со искрени желби за успешна соработка,

Со почит,

**ПРИЛОГ:**
1.Допис до Влада на Р.С. Македонија за именување на претставник на Здруженија кои работат на полето безбедност и здравје при работа (10.07.2018 г.)
2.Допис Мислење од МТСП (бр.08-7987 од 01.08.2018 г.)

**Здружение на инженери за заштита**
**ТУТЕЛА, Скопје**
ПРЕТСЕДАТЕЛ

(М-р Дејан Ангеловски)

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 10 -07- 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

До

Влада на Република Македонија

Скопје

**Почитувани,**

Согласно член 43 од Законот за безбедност и здравје при работа, Владата на Република Македонија основа Совет за безбедност и здравје при работа како експертско советодавно тело. Овој совет е формиран уште во 2010 година.

Согласно член 44 од истиот Закон во Советот покрај другите членови, партиципираат и стручните лица за безбедност при работа, преку еден член, кој е претставник на здруженијата на стручни лица за безбедност при работа.

Во Република Македонија во моментов свои акативности на полето на безбедност и здравје при работа имаат 4 (четири) Здруженија и тоа:

1. Македонско здружение за заштита при работа, Скопје
2. Здружение за заштита при работа на општина Битола, Битола
3. Здружение за безбедност при работа 28-ми Април, Скопје и
4. Здружение на инженери за заштита Тутела, Скопје

Од основањето на Советот, до сега, претставник во Советот е г-дин Милан Петковски од Македонското здружение за заштита при работа.

За активностите на Советот за безбедност и здравје при работа, нашите Здруженија до сега само еднаш се известени, но ниту еднаш инволвирани или консултирани за одредени стручни активности или ставови.

Следејќи ги активностите на Советот, во неколку наврати сме пробале да изнајдеме начин на комуникација со Претседателот на Советот и претставникот во делот на БЗР од Здруженијата на стручни лица за безбедност при работа, но од нивна страна во континуитет немало одговор на дописите кои сме им ги доставувале, а се со цел разгледување и имплементирање на нашите ставови, идеи, мислења и предлози.

Имајќи го во предвид нашето членство, интересот на струката, важноста од областа безбеднос и здравје при работа и нејзино уредување, Здружениетето за заштита при работа на општина Битола-Битола, Здружението за безбедност при работа „28-ми Април" – Скопје и Здружението на инженери за заштита Тутела – Скопје врз основа на меѓусебно потпишаниот меморандум за соработка бараме да се иницира

промена на членот на Советот кој ги претставува стручните лица за безбедност при работа.

Согласно нашите согледувања, а и од аспект на транспарентност и непристрасност во своите активности, завземавме идентиечен став, поточно на секои 2(две) години, член на Советот да биде претставник од различно Здружение вклучувајки го и сегашниот претставник во Советот, односно секое Здружение би дало свој претставник. Овој претставник ќе ги застапува интересите на сите стручни лица во сите Здруженија и за својата работа ќе се консултира со сите Здруженија.

За наш консензуален претставник за наредните две години го предлагаме:

**1. г-дин Борче Стојчевски** – стручно лице за безбедност при работа од Скопје.

Се надеваме дека овој допис ќе биде разгледан од страна на стручните владини служби и имплементиран како пракса во иднина, а и допрецизиран со дополнителен акт за избор и назначување на членови на Советот за безбедност и здравје при работа.

**Благодариме на соработката.**

**Здружение за заштита при работа**
**на општина Битола**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Кире Климески**

**Здружение за безбедност при работа**
**„28-ми Април" - Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Благоја Богоевски**

**Зружение на инженери за заштита**
**„Тутела" – Скопје,**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Дејан Ангеловски**

**Доставено до:**

Министерство за труд и социјална политика

Совет за безбедност и здравје при работа

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

[redacted]

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 08-7987/2
01-08-2018 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

ДО: Здружение на инженери за заштита
ТУТЕЛА
Ул. " Никола Тесла " бр. 8/3-19
Скопје

ПРЕДМЕТ: Мислење

Почитувани,

Во врска со Вашето писмо кое е доставено во име на Здружението за заштита при работа на општина Битола и Здружението за безбезбедност при работа "28-ми Април"- Скопје, со кое ни доставувате предлог за член на Советот за безбедност и здрвја при работа, од областа на здружение на стручни лица за безбедност при работа, согласно Законот за безбедност и здравје при работа ( "Сл. весник на РМ" бр. 92/07, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015 и 30/2016), односно менување на постојниот член на Совето, Ви го даваме следното мислење:

Со ставот 1 од член 43 од Законот е предвидено дека Владата на Република Македонија основа Совет за безбедност и здравје при работа како експертско советодавно тело. Со ставот 2 се предвидени надлежностите на Советот.

Со членот 44 од Законот е предвиден дека Советот треба да го сочинуваат 15 члена, од кои 4 члена од репрезентативната организација на работодавачи, 4 члена од репрезентативните синдикати, 3 члена именува Владата на Република Македонија, 1 член преставник на факултетот кој спроведува образовна дејност на полето на безбедност при работа, 1 член претставник на факултетот кој спроведува образовна дејност на полето на медицината на трудот, 1 преставник на здружението на стручните лица за безбедност при работа и 1 еден член преставник на здружението на експерти на медицина на трудот. При тоа, во Законот не се наведени критериуми за избор на членовите на Советот.

Советот за прв пат е формиран со Одлука на Владата на Република Македонија ( "Сл. весник на РМ" бр. 131/09) и во него членуваат преставници согласно членот 44 од Законот .

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр.
год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

Во изминатиот период г-дин Милан Петковски, од Македонското здружение за заштита при работа, е член на Советот.

Во Вашиот допис наведувате, односно предлагате критериуми за член на Советот од здружението на стручните лица за безбедност при работа, по принципот на ротација, бидејќи постојат повеќе здруженија од наведената област. Во врска со ова Ве известуваме дека според наше мислење, доколку сите здруженија се договорат за ротација на преставникот во Советот или друг принцип, и доколку се достави усогласен предлог, нема пречка да се направи промена на членот на Советот.

Покрај тоа, би сакале да Ве информираме дека во тек е постапка за анализа на Законот за безбедност и здравје при работа, од каде треба да произлезат и предлози за изменување и дополнување на Законот, или донесување на нов Закон, во кои би се вградиле и одредби со критериуми за определување на членови на Советот за безбедност и здрвје при работа. При тоа, ќе се имаат во предвид и Вашите предлози за член на Советот, односно критериуми за избор на член кој ќе ги претставува здруженијата на стручни лица за безбедност при работа.

Покрај тоа Ве известуваме дека на следната седница на Советот, преставниците на Министерството за труд и социјална политика ќе предложат како точка на дневен ред да се разгледаат предлозите и наводите во Вашиот допис.

Со почит,

По овластување на министер за труд
бр.08-5468/1 од 08.08.2017 год.
Раководител на Сектор за креирање
на политики од областа на трудово
право и политики за вработување

Мирјанка Алексевска

Изработил: М. Алексевска
Контролирал/Одобрил:М. Алексевска